**СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**
**СЕЗОНА 2022/2023**
**(42 недела, до 23.10.2022)**

Во текот на **<u>42-рата недела</u>** од 2022 година (од 17-23.10.2022), во Република Северна Македонија се пријавени **27 случаи (1,5/100.000 жители)** на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, соодветно за овој период од сезоната, во споредба со минатата сезона и просекот.

Заболените лица се регистрирани во Тетово – 17 и Гостивар - 10.

Во однос на возраста, од 15-64 години регистрирани се 15 лица, од 0-4 години – 8 лица и од 5-14 години – 4.

Кумулативно од 40-42 недела пријавени се вкупно 47 случаи.

Во текот на 42-ра извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнаа 312 материјали за лабораториско тестирање на грип од кои 13 од сентинел САРИ надзорот, паралелно тестирани за грип и COVID-19. Од тестираните материјали еден е со позитивен резултат – Influenza A(H3).

Кумулативно, досега се тестирани 801 материјал од кои еден е со позитивен резултат - Influenza A(H3).

**Вакцинација против грип**

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

За сезоната 2022/2023, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 40.000 дози, наменета за приоритетни групи население.

Вакцинацијата против сезонски грип за сезоната 2022/2023 започна на 19.10.2022 и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.

Дополнителни 6.000 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.

Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 16.696 лица од ризичните категории население со <u>бесплатни вакцини.</u> Во однос на <u>комерцијалните вакцини</u> вакцинирани се 837 лица.

**Заклучно со 42-ра недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 17.533 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## <u>ЕВРОПСКИ РЕГИОН</u>

Согласно извештајот на Flu News Europe објавен за 41-та недела 2022 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион:

- 4% од сите примероци од примарната здравствена заштита од пациенти со ИЛИ или АРИ симптоми биле позитивни на вирусот на инфлуенца.
- Само една држава од регионот (Германија) пријави регионална активност на вирусот на грип.
- Се детектираат вирусите на грип тип А и Б.
- Пријавени се хоспитализирани случаи со потврдена инфекција со вирусот на грип (детектирани се А и Б) од единиците за интензивна нега и САРИ надзорот.

Според квалитативните индикатори, во однос на интензитетот, 30 земји се на базично, 9 на ниско ниво, 1 земја на средно и 1 земја на високо ниво. Според географската распространетост, 20 земји немаат активност, 17 пријавуваат спорадични случаи, 1 со локална распространетост, 2 земји – регионална географска распространетост и 1 земја широка распространетост.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***